**ВРХОВЕН СУД НА**
**Република Северна Македонија**
**07Су.бр. 62/19**
**20.XII 2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас број 1/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време и Предлогот на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници за работното место Помлад судски референт – извршител во писарница - Категорија Г, Ниво Г4 – 1 (еден) извршител - заведен под 03Су.бр.672/19 од 30.10.2019 година, Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 20.12.2019 година , ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За избор за вработување**

За работното место, Помлад судски референт – извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- Рина Зејнели

За избраниот кандидат ќе се донесе решение за вработување.

## Образложение

Врховниот суд на Република Северна Македонија, објави оглас бр.1/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време - за 1 (еден) извршител на работното место, Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 - 1 (еден) извршител, на ден 30.10.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работното место Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 – за 1 (еден) извршител, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и другите прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници ( Сл. весник на РМ бр. 236/2018 од 24.12.2018 година), Комисијата за селекција за вработување на судски службеници за работното место Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4, до Судскиот администратор на судот, достави Предлог на кандидати за вработување за работното место Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 под 03Су.бр.672/19-16 од 18.12.2019 година. Со означениот предлог, за

работното место Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 – за 1 (еден) извршители се предлага кандидатот Рина Зејнели.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид означената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место Помлад судски референт - извршител во писарница – Категорија Г, Ниво Г4 заведен под 03Су.бр.672/19-16 од 18.12.2019 година, Судскиот администратор на судот одлучи како во изреката.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Судски администратор**

**Соња Груевска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Врховниот суд на Република Северна Македонија до Советот на судска служба.

**ДН:**

- **Судска управа**
- **На веб страната**
- **Марија Зафировска**